Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги
КОЛИД ФУДС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0306-426
15.10 2026 год.
с.Колешино, Ново Село

Официјални правила на наградната игра

"Сподели нежност и освој вредни награди!"

Член 1
Организатор на наградната игра

Организатор на оваа наградна игра е Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги КОЛИД ФУДС ДООЕЛ увоз-извоз с.Колешино Ново Село, со седиште на Населено место без уличен систем бр. 6 Колешино, Ново Село, Република Северна Македонија со ЕМБС 6813593 (во понатамошниот текст „Организатор").

Член 2
Име и времетраење на наградната игра

Името на наградната игра е „Сподели нежност и освој вредни награди!" Наградната игра ќе трае во период од 15.11.2026 год., па се до 15.01.2027 година.

Член 3
Територија каде што ќе се одвива наградната игра

Наградната игра ќе се одвива на територијата на Република Северна Македонија.

Член 4
Цел на наградната игра

Наградната игра се организира за да се рекламираат новогодишните пакетчиња на Милка, во продажните места ширум Република Северна Македонија, каде производите на Милка се дел од нивниот асортиман.

Член 5
Производи кои се дел од наградната игра

Во наградната игра учествуваат сите новогодишни пакетчиња на брендот Милка, достапни на територијата на Република Северна Македонија, а тоа се:

Милка-7Дејс Н.Г Пакетче Стокомак

Милка-Барни Н.Г Пакетче Киппер

Милка Н.Г Пакетче Шпар

Милка Н.Г Пакетче Рамстор

Милка Н.Г Пакетче Кутија Тип 3

Милка Н.Г Пакетче Кутија – Есклузив

Милка-Орео Н.Г пакетче Тип 2

Милка Н.Г пакетче Тип 1

Член 6
Право на учество

Во наградната игра, право на учество имаат сите лица над 18 години, кои се граѓани на Република Северна Македонија и ги исполнуваат условите на учество (во понатамошниот текст „Учесници“). Со купување на било кое новогодишно пакетче, учесниците ќе може да учествуваат во наградната игра преку испраќање на кодот кој се наоѓа во внатрешноста на пакетчето на СМС порака на бројот 148-900 преку мрежата на Македонски Телеком и А1 во Република Северна Македонија. Учесниците за наградната игра, ќе може да испратат СМС започнувајќи од 15.11.2026 год., од 00:00:01 часот, па се до 15.01.2027 год., 23:59:59 часот, по што СМС платформата ќе биде затворена. Со учество во наградата игра, учесниците потврдуваат дека ги разбираат условите и се согласуваат со правилата за учество.

Член 7
Механизам на наградната игра

На територијата на Република Северна Македонија, наградната игра ќе се организира за брендот Милка и ќе се спроведе преку СМС мрежата на операторите Македонски Телеком и А1 во Република Северна Македонија. Секое заинтересирано лице (наведено во член 6), за да учествува во наградната игра, потребно е да купи новогодишно пакетче од брендот Милка. Учесниците треба да го чуваат картончето со кодот кој се наоѓа во картонот/фолијата од пакетчето, неоштетено, во текот на целата наградна игра и по нејзиното завршување се до објава на добитниците и да се вклучат во истата според следниве правила:

- Почнувајќи од 15.11.2026 год., 00:00:01 часот, и заклучно до 15.01.2027 год. 23:59:59 ќе може да праќаат СМС порака на бројот 148-900, која ќе го содржи кодот од внатрешноста на пакетчето. Пораката треба да го содржи оригиналниот код кој се наоѓа во внатрешноста на новогодишното пакетче од Милка брендот. Ако е успешно испраќањето на пораката, учесникот ќе добие потврдна СМС порака за учество, линк до интернет страницата www.kolidfoods.com, каде ќе може да ги прочита детално официјалните правилата за игра. Доколку праќањето на пораката е неуспешно, учесникот ќе добие повратна СМС порака дека кодот веќе бил претходно искористен или дека е испратен неправилен формат на код, проследен со број од контакт центарот на 075490907, каде учесниците ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 09:00 – 16:00 часот.

Сите пораки се тарифираат по цена на стандардна СМС порака односно 5,9 денари со вклучен ДДВ, на товар на испраќачот. Организаторот нема удел во менување на цената и затоа Организаторот не презема одговорност за можна промена на цената на пораките.

Еден учесник може да учествува во наградната игра со неограничен број на СМС, но со користење на различни кодови и со тоа да ги зголеми своите шанси за добивка на награда. Секој код може да учествува само еднаш.

Еден ист учесник не може да биде добитник на иста награда повеќе пати. Добитникот на било која награда може да биде добитник на друга тип на награда или на ГЛАВНАТА награда со различен код, но не и со тој код кој веќе има добиено награда.

При испраќање на неточни, нецелосни или невалидни кодови и неисполнување на другите услови за учество (доколку кодот не е на учесникот, не ја исполнува возрасната граница и слично) учесникот ќе биде дисквалификуван од наградната игра и ќе го изгуби правото на добивање награда.

Точниот код кој е успешно испратен преку СМС порака влегува во учество освен ако претходно истиот не бил искористен во наградната игра. Во случај два различни учесника да испратат ист код, системот ќе испрати смс порака до вториот учесник дека кодот е веќе искористен.

Правото за учество не е дозволено за вработените на Организаторот КОЛИД ФУДС ДООЕЛ увоз-извоз с.Колешино Ново Село, вработените ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ СКОПЈЕ како и нивните блиски членови од семејството (деца, сопружници и родители).

*Оранизаторот и операторите не се одговорни за евентуални потешкотии на мобилните мрежи или за прекините во комуникација.

Член 8

Метод за извлекување и објавување на добитниците

Сите СМС пораки се собираат и од нив се извлекува добитникот.

Добитниците на награди во наградната игра ќе бидат извлечени по електронски пат преку компјутерска селекција од база на испратени СМС. Наградите ќе бидат извлечени со помош на софтвер кој по однапред дефиниран алгоритам, автоматски ги извлекува случајните добитници.

Ќе има комисија составена од претставник од КОЛИД ФУДС ДООЕЛ увоз-извоз с.Колешино Ново Село, претставник од MONDELEZ за Македонија и претставник од ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ СКОПЈЕ, која ќе биде задолжена за регуларноста на наградната игра и извлекувањето на добитниците.

Добитниците на наградите кои се соодветно распределени по периоди на извлекувања, ќе бидат извлечени на 14.12.2026 година во 12 часот, на 28.12.2026 во 12 часот и на 16.01.2027 во 12 часот (на пладне) и во секое извлекување ќе учествуваат сите добиени пораки кои биле испратени од почетокот на наградната игра.

Република Северна Македонија Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e financave - Shkup
VI

Распоред на извлекувања е прикажан во табелата долу:

Р. бр.	Опис на наградата	извлекување 14.12.2026	извлекување 28.12.2026	извлекување 16.01.2027
1	Парична награда- вредносен ваучер			1
2	Смарт телефон Apple iPhone 18 Pro 256GB Black		1	
3	Лаптоп NB HP 250R G10 Core 3 100U/8GB/256GB	1	1	1
4	Уред за стилизирање коса Dyson cermaic pink/rose gold		1	1
5	Камера Go pro max 360	1	1	1
6	Gift Card City Mall	3	5	7
7	Gift Card East Gate	3	5	7
8	LEGO Star Wars	5	5	5
9	Milka X-Mass Packs	5	20	25
Вкупно		**18**	**39**	**48**
		105		

За сите награди ќе биде извлечена по една резерва, за главната награда исто така, кои ќе се земат во предвид по редоследот на влечење доколку прво извлечениот добитник е невалиден или Организаторот не може да го исконтактира.

Извлекувањето на наградите ќе се врши автоматски преку софтвер (компјутерска селекција од база

на испратени СМС) кој е изработен од ТД ТЕРА КОМУНИКЕЛШНС ДООЕЛ со адреса на ул. Беласица бр. 2, локал К3.А.К.04 EAST GATE MALL.

Добитниците ќе бидат информирани за наградите преку СМС, на телефонскиот број со кој се регистрирале во наградната игра, во текот на истиот ден кога се извлечени.

Откако ќе се направи потребната верификација и потврда на добитниците, нивните детали (име, презиме, град и телефонскиот број преку кој се регистрирале со скриени последни 3 цифри), ќе бидат објавени на интернет страницата www.kolidfoods.com во рок од 3 дена по извлекувањето.

Наградите ќе бидат доделени во рок од 30 дена од објавувањето на добитниците врз основа на претходно договорено време меѓу добитникот и Организаторот.

Во случај на непредвидени пречки во текот на редовното работење предизвикано од виша сила, услови на вонредна состојба, пандемија и сл. извлекувањето на наградите и доделувањето на истите ќе се спроведува на начин адаптиран согласно мерките кои ќе бидат активни во моментот.

Член 9

Известувањето на добитниците и подигнувањето на награда

Истиот ден по извлекувањето, добитниците ќе бидат известени преку СМС на бројот од кој се регистрирале во наградната игра, информирајќи ги за потенцијалната награда и дека контакт центарот ќе ги исконтактира телефонски за сите детали околу верификацијата и подигнување на наградата. Од моментот на извлекување, тие стануваат потенцијални добитници на наградата и ќе треба во рок од 48 часа од добивање на СМС пораката, да ги достават бараните податоци и кодот од пакетчето за да може да се верификуваат и објават како официјални добитници.

Обврска на секој учесник е редовно да ги проверува телефонските повици /СМС пораки на својот мобилен телефон, а исто така и да биде достапен за добивање на информации во текот на наградната игра.

Доколку учесникот не е достапен или пак не ги достави бараните податоци во рок од 48 часа од моментот на праќање на пораката, како и при подгиање на наградата ако не го достави картончето со кодот од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организаторот, тој/таа го губи правото на награда и истата се пренесува на првата резерва. Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот.

Добитникот ќе треба да достави документ за идентификација (име, презиме, дата на раѓање и адреса на живеење) како и картончето со кодот кој бил испратен за учество во наградната игра. Бараните податоци, добитникот ќе треба да ги достави преку смс или вибер на контакт центарот 075490907.

Подигнувањето на наградата ќе може да го реализира и друга личност, но само со законско овластување од страна на добитникот, заверено на нотар.

Главната или паричната награда ќе биде исплатена на лична денарска трансакциска сметка на добитникот во било која банка на територијата на РС Македонија, во рок од 30 дена од денот на извлекувањето на добитникот. Со префрлување на износот на наградата на трансакциската сметка на добитникот, се смета дека организаторот во целост ја исполнил својата обрвска кон добитникот на паричната награда.

Останатите награди ќе бидат доделени лично во просториите на Организаторот или преку директна пошта, по договор со добитникот.

При предавањето на наградата, добитникот на наградата е должен да потпише потврда за преземање на наградата и да го прикаже картончето со добитниот код.

Ако се надмине предвидениот рок за доделување на наградите од 30 дена од датумот на објавување на добитниците, подигнување на наградата нема да биде возможно. Според правилата за подигнување на

награда, доколку некои од добитниците не ги почитуваат или го надминат наведениот рок, го губат правото на истата.

Наградите кои нема да бидат доделени остануваат во сопственост на Организаторот.

Член 10

Награди и фонд за награди

Целосната сума за награди изнесува 722,535 денари со вклучено ДДВ. Точниот број на награди е: 105. Организаторот не смее да додели повеќе награди од предвиденото или награди од различен тип. Фондот на награди се состои од следниве награди:

Р. бр.	**Опис на наградата**	**Количина**	**Поединечна вредност со вклучен ДДВ (денари)**	**Вкупна вредност со вклучен ДДВ (денари)**
1	Парична награда вредносен ваучер	1	150,000 ден.	150,000 ден.
2	Смарт телефон Apple iPhone 18 Pro 256GB Black	1	91,500 ден.	91,500 ден.
3	Лаптоп NB HP 250R G10 Core 3 100U/8GB/256GB	3	24,700 ден.	74,100 ден.
4	Уред за стилизирање коса Dyson cermaic pink/rose gold	2	35,000 ден.	70,000 ден.
5	Камера Go pro max 360	3	25,167 ден.	75,500 ден.
6	Gift Card City Mall	15	5,000 ден.	75,000 ден.
7	Gift Card East Gate	15	5,000 ден.	75,000 ден.
8	LEGO Star Wars	15	4,799 ден.	71,985 ден.
9	Milka X-Mass Packs	50	789 ден.	39,450 ден.
Вкупно		**105**	**341,955 ден.**	**722,535 ден.**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

Член 11

Информирмирање за наградната игра на учесниците

Учесниците ќе бидат информирани за правилата на наградната игра, фондот за награди и условите за учество преку надворешни информативни канали, интернет страницата www.kolidfoods.com како и пропаганден материјал на продажните места.

Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде одобрување за почеток на наградната игра, официјалните правила на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата www.kolidfoods.com, пред почетокот на истата.

По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, правилата за наградата игра стапуваат на сила.

Во текот на целото времетраење на наградната игра, сите учесници ќе можат да се обратат на контакт центарот 075490907 каде ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 09:00 – 16:00 часот.

Член 12

Верификација и подигање на наградите

Организаторот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата.

По предавањето на наградата, Организаторот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата. Организаторот нема одговорност за достава на наградата и нема да покрие било какви дополнителни трошоци, како што е транспорт или друг тип на трошоци, трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Оранизаторот и добитникот.

Организаторот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне или користи наградата.

Резултатите за прогласување на добитниците се конечни. Доколку добитникот сака, може да се откаже од наградата или да ја предаде на друг, согласно законот, но во никој случај не може да ја замени за парични средства.

Член 13

Согласност за користење на лични податоци

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот за користење при реализација на наградата игра за период од (три) месеци. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра.

Член 14
Даноци

Даночната обврска на наградната игра ја презема Организаторот. Организаторот гарантира дека доделувањето на наградата ќе биде согласно со правилата.

Член 15
Поднесување приговор

Учесникот во наградата игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците на интернет страницата www.kolidfoods.com. Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

Член 16
Деловна тајна

Вработените на Организаторот и Тера Комуникејшнс, се обврзани да ја чуваат следната информација како деловна тајна: податоците на учесникот (нивниот број, нивниот идентитет и други лични податоци).

Член 17
Прекинување на наградната игра

Наградната игра може да се прекине, при ненадејни виши сили вклучувајќи го случајот кога Организаторот не е во можност да ја организира наградната игра. За прекин на наградната игра прво треба да се добие согласност од Министерство за финансии на Република Серверна Македонија.

Член 18
Законски мерки

Доколку постојат било какви недорабирања помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, истите ќе бидат решени согласно договор.

Ако двете страни не постигнат договор, конфликтот помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, ќе биде решен од страна на Основниот граѓански суд во Скопје.

Скопје, 15.10.2026 година

КОЛИД ФУДС ДООЕЛ увоз-извоз
с.Колешино Ново Село